**2021053768**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за еднакви можности на жените и мажите,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 март 2021 година.

Бр. 08-1339/1
3 март 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Член 1

Во Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ број 6/12, 166/14 и 150/15), во член 37 ставот 3 се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.”.

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12) се бришат.

Член 2

Членот 38 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 400 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на правното лице за кое е утврдено од надлежен орган дека постапил спротивно на членот 3, член 8 ставови (3) и (4), член 11 ставови (5) и (8), член 14 ставови (5) и (7), член 15, член 17 став (4), член 18, член 27 и член 29 став (4) од овој закон и тоа на следниот начин: од 400 до 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, од 600 до 2.000 евра во денарска противвредност за мали трговци.

(2) Глоба во износ од 800 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на правното лице за кое е утврдено од надлежен орган дека постапил спротивно на членот 3, член 8 ставови (3) и (4), член 11 ставови (5) и (8), член 14 ставови (5) и (7), член 15, член 17 став (4), член 18, член 27 и член 29 став (4) од овој закон и тоа на следниов начин: од 800 до 6.000 евра во денарска противвредност за средни трговци и од 1000 до 10.000 евра во денарска противвредност за големи трговци.

(3) Глоба во износ од 400 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на друго правно лице, различно од ставовите (1) и (2) на овој член за кое е утврдено од надлежен орган дека постапил спротивно на член 3, член 8 ставови (3) и (4), член 11 ставови (5) и (8), член 14 ставови (5) и (7), член 15, член 17 став (4), член 18, член 27 и член 29 став (4) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот (3) на овој член, на функционерот на државен орган, градоначалникот на единицата на локалната самоуправа или на службено лице на кое му е доверено вршење на јавно овластување.

(5) Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 3 на овој член на физичко лице.".

Член 3

Членовите 39, 40, 41, 42, 43 и 44 се бришат.

Член 4

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија".

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".